**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 1
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 2 – работа со текст
**Наставна содржина:** Креирање на документ
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да може да креира текстови
**Очекувани резултати:** Креира текстуална датотека
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, работа во парови, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, Т - табела
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, креира документ

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Повторуваме за знаењата што ги стекнавме минатата година за темата „работа со текст“ со прашањата:

- Како се вика програмата за работа со текст којашто ја изучувавме?
- Во кој вид на софтвер спаѓа таа?
- Што научивме да правиме со оваа програма? (да внесуваме текст, да му менуваме стил – задебелен, курзив и подвлечен (bold, italic, underlined), да менуваме фонт и големина на фонтот, пасусите да ги порамнуваме лево, во средина и десно, да менуваме проред, да вршиме набројување во текст...).

**Учечко - поучувачки активности:** АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Учениците работат во парови. На работната површина, креираат папка со нивните имиња во која ќе ја зачуваат текстуалната датотека која ќе ја креираат на овој час. Ја стартуваат програмата OpenOffice Writer, а наставникот асистира доколку има потреба. Ја вклучуваме поддршката за внесување кирилични букви и го внесуваме насловот, првата и втората строфа од учебникот по македонски јазик „Патувај“ на страна 32. Учениците не треба да го менуваат фонтот ниту неговата големина, туку се задржуваат на внесување текст во фонтот кој е зададен од програмата. На крај од оваа активност, документот се зачувува со одбирање на Датотека > Зачувај како... при што на текстуалната датотека ѝ се дава име и се бира претходно опишаната локација.




**Активности за евалуација:** Дискусија со која се резимираат знаењата стекнати на овој час.

obrazovanie.literatura.mk